# Хроника од 42-та седница

Скопје, 27.12.2017г. – На вчерашната седница Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги донесе Годишните планови за вршење програмски и административен надзор за 2018 година и ја усвои Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2018 година).

Воедно, Советот на Агенцијата донесе Одлуки за одбивање на две писмени барања за објавување на јавен конкурс за доделување на дозволи за радио емитување на територија на град Скопје и територија на град Струмица.